РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јуни, 2015 година

# СОДРЖИНА


Резиме ........ 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ........ 3

Број на работници во индустријата ........ 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ........ 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 5

Инфлација ........ 6

Берзански цени ........ 6

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ........ 8

Увоз ........ 9

Салдо на трговска размена ........ 9

Валутна структура ........ 10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи ........ 11

Буџетски расходи ........ 12

Буџетско салдо ........ 13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ........ 13

Плати ........ 14

Пензии ........ 14

5. Монетарен сектор

Примарни пари ........ 14

Депозитен потенцијал ........ 14

Кредити на банките ........ 17

Каматни стапки на депозитни банки ........ 17

Пазар на капитал ........ 17

Девизни резерви ........ 18

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јуни, 2015 година

- Индустриското производство во јуни 2015 година во споредба со јуни 2014 година забележа раст од 6,4%;

- Годишната стапка на инфлација во јуни 2015 година изнесува 0,5%, со што продолжи растот на потрошувачките цени, но со ниска динамика;

- Извозот во периодот јануари – јуни 2015 година забележа раст од 11,4%, а увозот бележи раст од 6,9%, што резултираше со стеснување на трговскиот дефицит за 2,4% споредено со истиот период минатата година;

- Вкупните приходи на Буџетот во првото полугодие од 2015 година изнесуваа 78.131 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 14,0% во однос на истиот период од 2014 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 87.652 милиони денари, што е за 5,2% повеќе во однос на 2014 година;

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 9,0% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките регистрираше раст од 8,9%.

## Индустриско производство

Индустриското производство во јуни 2015 година забележа раст од 6,4% во споредба со јуни 2014 година, при што раст е забележан во сите сектори. Секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа раст од 13,8%, Рударство и вадење камен 9,2% и Преработувачка индустрија 4,3% раст.




Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во јуни 2015 година има Производството на машини и уреди (1,7 п.п.), а најголем негативен придонес има Производство на тутунски производи (1,6 п.п.).




Податоците за индустриското производство по наменски групи во јуни 2015 во однос на јуни 2014 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Капитални производи од 33,3%, Енергија 5,8% и Интермедијарни производи, освен енергија 4,4%. Пад е забележан во групите Трајни производи за широка потрошувачка од 16,6% и Нетрајни производи за широка потрошувачка 0,5%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во јуни 2015 година забележа раст од 1,7% на годишно ниво. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 2,5%. Раст е забележан и во секторот Снабдување со

електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,2%, додека намалување на бројот на работници е забележан во секторот Рударство и вадење камен од 6,4%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јуни 2015 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи за 19,2%, Интермедијарни производи, освен енергија за 2,3% и Трајни производи за широка потрошувачка за 1,1%, додека пад е регистриран кај групите Енергија од 2,2% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,1%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јуни 2015 година е поповолна во однос на претходниот месец, како и во однос на истиот месец од претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јуни 2015 година изнесува 64,1%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец кога изнесуваше 63,7%. Споредено со јуни 2014 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 2,9 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во јуни 2015 година имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 25,2%, недоволната странска побарувачка со 24,5%, недоволната домашна побарувачка со 24,2%, финансиските проблеми со 6,0%, како и неизвесното економско окружување и конкурентниот увоз со по 5,1%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јуни 2015 година во однос на мај 2015 година е поповолна, како и очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци, додека залихите на готови производи се зголемени.




## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јуни 2015 година издадени се 186 одобренија за градење, што е за 10,1% повеќе во однос на истиот месец претходната година. Во

однос на мај 2015 година, бројот на издадени одобренија за градење е непроменет.

Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јуни 2015 година во однос на јуни 2014 година е зголемена за 49,0%. Во однос на претходниот месец, вредноста на објектите бележи пад од 34,5%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 116 (или 62,4%) се наменети за објекти од високоградба, 28 (или 15,0%) за објекти од нискоградба и 42 (или 22,6%) за објекти за реконструкција.




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 186 издадени одобренија за градба, на 134 (или 72,0%) објекти како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 52 објекта (или 28,0%) инвеститори се деловни субјекти.

Во јуни 2015 година предвидена е изградба на 209 стана, со вкупна корисна површина од 20.688 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 28,4% во однос на истиот месец од 2014 година, а во однос на мај 2015 година е намален за 37,0%.

## Инфлација

Годишната стапка на инфлација во јуни 2015 година изнесува 0,5%, со што продолжи растот на потрошувачките цени, но со ниска динамика.
Просечниот раст на потрошувачките цени во периодот јануари - јуни 2015 година изнесува -0,3%.




Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во јуни забележа годишен раст од 1,3%, при што зголемувањето на цените е највисоко во поткатегориите Овошје од 15,1% и Масло и маснотии од 8,3%. Највисок годишен раст на цените во јуни е регистриран во категоријата Алкохолни пијалаци и тутун од 5,6%, следен од порастот на цените во категориите Мебел, покуќнина и одржување покуќнина од 4,0%, Рекреација и култура од 2,0% итн. Пад на цените е забележан во категориите: Транспорт од 7,5%, Комуникации од 3,6% и Останати стоки и услуги од 0,1%.




Потрошувачките цени во јуни 2015 година останаа непроменети во однос на претходниот месец. Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележаа раст од 0,1%, што се должи главно на растот на цените во поткатегоријата Овошје. Позначителен пораст на цените во јуни е регистриран во категориите Рекреација и култура од 0,8%, Здравје од 0,6% и Ресторани и хотели од 0,5%. Во јуни 2015 година, пад на потрошувачките цени на месечно ниво е регистриран во категориите: Транспорт и Останати стоки и услуги од по 0,3% и Облека и обувки, Домување, вода, електрика, гас и други горива и Мебел, покуќнина и одржување покуќнина од по 0,2%.

Цените на мало во јуни 2015 година во однос на истиот месец од претходната година се намалени за 0,6%. Споредено со претходниот месец, цените на мало се пониски за 0,3%. Во периодот јануари - јуни 2015 година цените на мало се намалени за 1,7%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јуни 2015 година забележа пад од 3,4% во однос на претходниот месец и изнесуваше 62,3 долари за барел. Во однос на јуни 2014 година цената на нафтата е пониска за 44,3%. Цената на природниот гас во јуни 2015 година се намали за 1,1% на месечна основа.

Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во јуни 2015 година се тргуваше со просечна цена од 12.825 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува месечно намалување на цената од 5,1%. Споредено со истиот месец претходната година, цената на никелот бележи пад од 31,2%.




Во јуни 2015 година, месечен пад на цените се забележува и кај останатите основни метали. Така, цената на цинкот се намали за 8,8%, на оловото за 8,1%, на бакарот за 7,3%, на алуминиумот за 6,4% и на калајот за 4,7%. Цената на железната руда во јуни, споредено со мај, е повисока за 5,0%.




Во однос на благородните метали, цените на среброто и на платината во јуни бележат намалување од 4,5%, а цената на златото се намали за 1,4% во однос на претходниот месец.

Анализирано на месечна основа, во јуни 2015 година цената на пченицата на светските берзи се намали за 2,5%, а цената на пченката се зголеми за 0,3%. Цената на јагнешкото месо во јуни забележа месечно намалување од 3,6%.

## *НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешно - трговска размена во првото полугодие од 2015 година изнесува 4.740,7 милиони евра, што претставува раст од 8,7% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари – јуни 2015 година, најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со

Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 68,8%, што претставува намалување од 1,3 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - јуни 2015 година изнесува 1.953,2 милиони евра и бележи раст од 11,4% (200,4 милиони евра) во однос на истиот период од 2014 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 8,9%.

Во јуни 2015 година вредноста на извезените стоки изнесува 369,1 милиони евра и бележи раст од 13,0% (42,3 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 11,6%.

Анализирано на месечно ниво, извозот во јуни 2015 година бележи раст од 2,8% (10,1 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен раст од 2,3%.




Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - јуни 2015 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 54,7% од вкупниот извоз на државата.




Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – јуни 2015 година споредено со истиот период од 2014 година, извозот бележи раст кај групациите: Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион, Северноамериканска зона на слободна трговија, ЕФТА и ЕУ 28, додека пад има кај групациите: Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 9,2% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан пад од 4,6%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 77,0% и 11,6% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – јуни 2015 година изнесува 2.787,5 милиони евра и бележи раст од 6,9% (180,3 милиони евра) во однос на истиот период од 2014 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 0,5%.




Вредноста на увозот во јуни 2015 година изнесува 511,8 милиони евра, што претставува зголемување за 18,5% (79,9 милиони евра) во однос на истиот месец од 2014 година, а увезените количини на стоки се зголемени за 0,3%.

Анализирано на месечно ниво, увозот во јуни 2015 година бележи раст од 9,0% (42,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 16,6%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2014 | I - VI - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 58,1 | 25,6 | -32,5 | -55,9 |
| Мил. ЕУР | 23,8 | 14,7 | -9,0 | -38,1 |
| Мил.$ | 32,6 | 16,4 | -16,2 | -49,6 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2014 | I - VI - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 477,4 | 429,2 | -48,3 | -10,1 |
| Мил. ЕУР | 260,1 | 202,1 | -58,0 | -22,3 |
| Мил.$ | 356,5 | 224,9 | -131,7 | -36,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2014 | I - VI - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 6,6 | 8,8 | 2,2 | 32,7 |
| Мил. ЕУР | 308,7 | 382,1 | 73,4 | 23,8 |
| Мил.$ | 423,1 | 424,9 | 1,9 | 0,4 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2014 | I - VI - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 15,4 | 15,3 | -0,1 | -0,9 |
| Мил. ЕУР | 42,0 | 59,3 | 17,3 | 41,1 |
| Мил.$ | 57,7 | 65,8 | 8,1 | 14,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2014 | I - VI - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 290,3 | 301,5 | 11,2 | 3,9 |
| Мил. ЕУР | 274,9 | 285,5 | 10,6 | 3,9 |
| Мил.$ | 376,4 | 316,8 | -59,6 | -15,8 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2014 | I - VI - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 239,5 | 300,1 | 60,6 | 25,3 |
| Мил. ЕУР | 118,8 | 143,7 | 24,8 | 20,9 |
| Мил.$ | 163,0 | 159,5 | -3,5 | -2,2 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првото полугодие од 2015 година, трговскиот дефицит се намали за 2,4% односно за 20,2 милиона евра споредено со истиот период минатата година.




Во јуни 2015 година трговскиот дефицит се зголеми за 35,7% односно за 37,5 милиони евра споредено со јуни минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: стеснетото негативно салдо во размената со горива и мазива, стоки за инвестиции без транспортна опрема и транспортна опрема, додека во спротивна насока дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари – јуни 2015 година, 81,5% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Србија и Турција, а потоа следуваат: Кина, Италија, Русија, Романија, Австрија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Босна и Херцеговина и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 81,6% од трговската размена во периодот јануари - јуни 2015 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2014 година претставува зголемување од 3,8 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 86,9% и 77,8%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е намалена за 0,4 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 6,5 п.п. во однос на периодот јануари – јуни 2014 година.

Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ

| увоз | I - VI - 2014 | | | | | I - VI - 2015 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 1.523,3 | 1.859.132.257 | 61,6509 | 114.617.176.878 | 71,3 | 1.608,2 | 2.168.422.825 | 61,5902 | 133.553.595.500 | 77,8 | 309.290.568 | 16,6 |
| УСД | 1.300,8 | 700.888.634 | 44,9821 | 31.527.442.618 | 19,6 | 1.230,3 | 647.516.274 | 55,1572 | 35.715.184.608 | 20,8 | -53.372.360 | -7,6 |
| ГБП | 2,2 | 177.675.424 | 75,0548 | 13.335.393.432 | 8,3 | 3,2 | 9.873.367 | 84,0780 | 830.132.935 | 0,5 | -167.802.057 | -94,4 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2.826,3 | | | 159.480.012.928 | 90,9 | 2.841,7 | | | 170.098.913.042 | 99,1 | | |
| вк извоз: | 2.831,6 | | | 160.748.268.455 | 100,0 | 2.846,8 | | | 171.697.689.841 | 100,0 | | 6,8 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во првото полугодие од 2015 година изнесуваа 78.131 милион денари, односно 14,1% од БДП, што претставува поголемо остварување за 14,0% во однос на истиот период од 2014 година.




Даночните приходи за првите шест месеци изнесуваат 45.054 милиони денари, односно 8,2% од БДП и во однос на истиот период од 2014 година се зголемени за 15,2%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 19.735 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 43,8%. Акцизите се остварени во износ од 9.259 милиони денари (учество од 20,6% во даночните приходи). Така, во овој период, од овие два индиректни данока се остварени приходи од 28.994 милиони денари, што претставува 64,4% од вкупните даночни приходи (5,2% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 29.150 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 9.415 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 2,7%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 21,7% споредено со истиот период од 2014 година).

Во структурата на наплатата на ДДВ, најголемо е учеството на ДДВ од увоз, кој забележува зголемување од 1,0%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува раст од 7,8%. Учеството на ДДВ донациите е незначително (0,2%) и забележува помало остварување за 82,9%. Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 6.066 милиони денари и забележуваат раст од 7,2% на годишна основа, при што околу 2/3, односно 66,5% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 7,6% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,6% од приходи од капитал, 5,4% по основ на договор на дело и 3,9% од приходи од имот и имотни права. Споредено со истиот период од 2014 година, приходите од данокот од добивка во износ од 7.651 милион денари забележаа, како и претходните три кумулативи (за првите три, четири и пет месеци), рекордно зголемување од 184,7% (2,8 пати), што се должи главно на данокот наплатен по основ на даночни биланси со учество од 62,5% во вкупниот данок на добивка, по месечни аконтации со 26,5%, од исплатена дивиденда и друга распределба од добивката со учество од 5,7% и 4,6% по основ на задржан данок на исплатените приходи на странски правни лица.

Приходите од ДДВ забележаа намалување од 4,4%, додека акцизите забележаа зголемување од 24,0%. Приходите од царина беа остварени во износ од 2.022 милиона денари и забележаа намалување од 5,2%. Приходите од други даноци со остварен износ од 321 милион денари забележаа намалување од 37,4%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 5.912 милиона денари и во однос на истиот период од 2014 година забележаа раст од 17,4% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствариja во износ од 1.636 милиони денари (од вкупните приходи по оваа основа, 875 милиони денари се средства од дивидендата на АД Македонски Телеком уплатена во мај), што претставува зголемување од 34,7% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствариja во износ од 1.630 милиони денари, односно за 42,2% повеќе во однос на истиот период лани.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 22.832 милиона денари, што е за 8,2% повеќе споредено со истиот период од 2014 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите од пензиско и инвалидско осигурување од 8,1%, кај придонесите за здравствено осигурување 8,5% и кај придонесите за вработување од 8,2%.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – јуни 2015 година изнесуваа 87.652 милиона денари, односно 15,9% од БДП, што е за 5,2% повеќе во однос на 2014 година.

Тековните расходи во износ од 80.042 милиона денари се зголемени за 6,9% во однос на истиот период од 2014 година. Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 56.721 милион денари и учествуваа со 64,7% во вкупните расходи.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 12.124 милиони денари, така што нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,8%, и во однос на 2014 година тие се зголемени за 5,7%. Расходите за стоки и услуги изнесуваа 8.670 милиони денари, со учество од 9,9% во вкупните расходи и споредено со истиот период од 2014 година се реализирани за 11,4% повеќе.

Социјалните трансфери изнесуваа 40.668 милиони денари и забележаа раст од 5,5% споредено со истиот период од 2014 година и учествуваа со 46,4% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, со износ од 24.713 милиони денари, со реализација која е зголемена за 4,0% споредено со истиот период од 2014 година и учество од 28,2% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната

самоуправа, во вкупните расходи изнесува 17,5%, односно забележаа зголемување од 7,5% споредено со истиот период од 2014 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 7.343 милиони денари беа реализирани за 2,4% повеќе во однос на истиот период претходната година. Субвенциите кои се реализирани во износ од 7.141 милион денари учествуваат со 8,1% во вкупните расходи.

Каматите се реализирани во износ од 2.527 милиони денари, што е за 10,3% повеќе во споредба со истиот период од 2014 година. Ваквото остварување е поради исплата на доспеани обврски за камати од задолжување во земјата и во странство. Трошоците за камати од домашно задолжување беа зголемени за 15,5%, додека за странство за 4,1%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 7.610 милиони денари со структурно учество од 8,7% во вкупните расходи (1,4% учество во БДП) и забележаа помала реализација за 9,9% во споредба со истиот период лани.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – јуни 2015 година, во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 9.521 милион денари, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 7.898 милиони денари.

# *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – јуни 2015 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 92.660 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е поголем за 6,6% во однос на истиот период од 2014 година. Од вкупниот број нововработени, 49,1% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во јуни 2015 година, 23,0% се од евиденцијата на невработени.




Вкупниот број невработени лица изнесува 219.175 лица, од кои 122.257 се активни баратели на работа, а 96.918 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е поголем за 1,7%.

Најголем дел од невработените лица (69,4%) се градско население, а 59,8% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 54,8% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 29,9% се со завршено средно образование, додека 15,3% имаат вишо или повисоко ниво на образование.




По возрасни групи, најголемиот дел или 54,1% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 37,1% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 10,5% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во мај 2015 година оствари годишен раст од 2,7%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,5%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (15,8%), Други услужни дејности (7,5%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (5,0%). Реалните плати во мај забележаа годишен раст од 2,4%.




Просечната номинална бруто-плата во мај 2015 година оствари годишен раст од 3,1%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,4%. Највисок раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (14,8%), Други услужни дејности (8,1%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (5,5%). Реалната бруто плата забележа годишен раст од 2,8%.




Процентот на вработени кои не примиле плата во мај 2015 година изнесува 1,6% и во однос на истиот месец претходната година е непроменет, а повисок за 0,1 п.п. во однос на април 2015 година.

## Пензии

Во јуни 2015 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 297.218 пензионери, што претставува зголемување од 1,7% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е поголем за 1.088 лица. Од вкупниот број пензионери, 60,1% се корисници на старосна пензија, 25,7% на семејна пензија и 14,2% на инвалидска пензија.

Просечната пензија во јуни 2015 година изнесува 12.462 денари и е непроменета во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во мај 2015 година (последни расположливи податоци) изнесува 56,4%.




Просечната старосна пензија изнесува 13.859 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 11.205 денари, а просечната семејна пензија 9.857 денари. За исплата на пензиите во јуни 2015 година се потрошени 3.590,35 милиони денари, што претставува 52,1% од вкупните социјални трансфери.

# *МОНЕТАРЕН СЕКТОР*

Во јуни 2015 година, Народна банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, одлучи да ја задржи каматната стапка на благајничките записи на нивото од 3,25%. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.




## Примарни пари

Во јуни 2015 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 5,8% на

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 13,7%, додека вкупните ликвидни средства на банките регистрираа пад од 1,2%.

На месечно ниво, примарните пари забележаа пад од 4,9%, при пад на вкупните ликвидни средства на банките и пад на готовите пари во оптек од 6,5% и 3,2%, соодветно.

## Депозитен потенцијал

Вкупните депозити на банките во јуни регистрираа раст од 1,1% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека депозитите на приватните претпријатија забележаа раст од 6,1%, додека депозитите на домаќинствата се намалија за 0,4% во однос на претходниот месец. Од аспект на валутата, депозитите во домашна валута забележаа раст од 1,1%, а депозитите во странска валута се зголемија за 1,2% во споредба со претходниот месец.




| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор ( јуни 2015 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | 289404 | 1,1% | 8,9% |
| Денари | *170364* | 1,1% | 11,7% |
| Странска валута | *119040* | 1,2% | 5,0% |
| Краткорочни | *145455* | 0,2% | 0,4% |
| Долгорочни | *79075* | 0,5% | 13,0% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | 265254 | 0,9% | 9,0% |
| Денари | *209249* | 1,5% | 11,1% |
| Странска валута | *56006* | -1,1% | 1,9% |

Извор: НБРМ

Вкупниот депозитен потенцијал во јуни 2015 година оствари раст од 8,9% на годишна основа. Анализирано според валутата, растот беше воден од депозитите во домашна валута, кои забележаа раст од 11,7%, а депозитите во странска валута се зголемија за 5,0%. Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 6,2%, а депозитите на претпријатијата се зголемија за 16,0%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 13,0%, а краткорочните депозити се зголемија за 0,4%. Валутната структура на депозитите и понатаму е

стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58,9%.

## Кредити на банките

Во јуни 2015 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор забележаа раст од 0,9% на месечна основа. Секторската анализа укажува дека кредитите кон домаќинствата во јуни оствариja раст од 1,4%, а кредитите кон претпријатијата регистрираа раст од 0,6%. Од аспект на валутата, во јуни 2015 година денарските кредити се зголемија за 1,5%, додека девизните кредити забележаа пад од 1,1% во однос на минатиот месец.

На годишна основа, во јуни 2015 година вкупните кредити се зголемија за 9,0%, во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 6,6% и раст на кредитите кон домаќинствата од 12,4%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 11,1% а кредитите во странска валута регистрираа раст од 1,9%. Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 11,6%, а краткорочните кредити се повисоки за 4,4%.

## Каматни стапки на депозитни банки




Вкупната каматна стапка на кредитите во јуни изнесува 6,8% и остана непроменета во споредба со претходниот месец. Каматната стапка на денарските кредити изнесува 7,1%, а каматната стапка на девизните кредити изнесува 5,9%, што покажува дека не се променети во однос на претходниот месец. Вкупната каматна стапка на депозитите во јуни изнесува 2,2% и остана непроменета во споредба со претходниот месец. Каматната стапка на денарските депозити е намалена за 0,1 п.п. и изнесува 2,9%, додека каматната стапка на девизните депозити е непроменета и изнесува 1,3%.

## Пазар на капитал




На пазарот на капитал, во јуни 2015 година вкупниот промет на берзата регистрираше зголемување од 2,6 пати на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на прометот од класичното тргување за 2,9 пати.

Вкупниот промет на берзата во јуни изнесуваше 437 милиони

денари што претставува пад од 40,2% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во јуни 2015 година изнесуваше 1.640,85 индексни поени, што претставува пад од 0,6% на месечно ниво, додека во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 0,5%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јуни 2015 година изнесуваа 2.254,8 милиони евра и во однос на претходниот месец се пониски за 73,7 милиони евра, додека во однос на јуни минатата година се зголемени за 381,9 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk